ЗАПИСНИК
од VII-та редовна седница на Надзорниот Одбор на
Друштвото БОРИС ТРАЈКОВСКИ ДООЕЛ Скопје

Седницата е одржана на ден 19.09.2018 година (Среда) во 17,00 часот во административните канцеларии на Друштвото во Спортскиот Центар БОРИС ТРАЈКОВСКИ на бул.8-ми Септември бр.13 во Скопје со следниот

ДНЕВЕН РЕД

1. Усвојување на записник од VI – тата редовна седница на Надзорниот одбор на Друштвото БОРИС ТРАЈКОВСКИ ДООЕЛ Скопје
2. Разгледување, оценување и донесување на ЗАКЛУЧОК за оценка на полугодишен финансиски извештај на работата на Друштвото (сметано од 01.01.2018 година до 30.06.2018 година)
3. Достава на заклучоци од седница на Влада на Република Македонија
4. Достава на барање за пристап на информации од јавен карактер
5. Разно

Присутни :
- Г-дин Марковски Мишо
- Г-дин Муедин Зибери и
- Г-дин Роберто Радески .

Претседателот укажа дека поради службено патување своето отсуство го оправдале Трајковски Стефан и Горан Шумански.
На седницата беа присутни раководителот на секторот за финансии и сметководство Рената Стоилковска и раководителот на секторот за општи и правни работи на Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменска сала БОРИС ТРАЈКОВСКИ ДООЕЛ Скопје Роберта Теова во својство на записничар.

1.Претседателот ја отвори седницата и го стави на расправа предложениот дневен ред.
По усвојувањето на дневниот ред, Претседателот ја стави на расправа првата точка од дневниот ред : Усвојување на записник од VI – тата редовна седница на Надзорниот одбор на Друштвото БОРИС ТРАЈКОВСКИ ДООЕЛ Скопје.

Претседателот го прочита добиениот Записник и сите членови едногласно донесоа одлука за усвојување на истиот.

2.Претседателот ја стави на расправа втората точка на дневниот ред: Разгледување, оценување и донесување на ЗАКЛУЧОК за оценка на полугодишен финансиски извештај на работата на Друштвото (сметано од 01.01.2018 година до 30.06.2018 година)

По разгледувањето на доставениот Полугодишен финансиски извештај на работењето на Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменска сала БОРИС ТРАЈКОВСКИ ДООЕЛ Скопје (сметано од 01.01.2018 година до 30.06.2018 година), членовите поединечно ги разгледаа сите предочени ставки изготвени од стручните служби на Друштвото.

Претседателот Марковски Мишо постави прашање до раководителот на секторот за финансии и сметководство Рената Стоилковска зошто се намалени приходите на Друштвото.
Раководителот одговори дека ребрендирањето од Вип во а1 од нивна страна се пролонгира и со самото Друштвото како надомест за остварената деловна соработка добива помалку средства споредено со минатата година

Претседателот Марковски Мишо постави прашање дали Владата на Република Македонија покрива некои трошоци за одржувањето на Дигиталниот самит на Западен Балкан 2018 во Вип арената.
Раководителот одговори дека за време на одржувањето на Дигиталниот самит на Западен Балкан 2018 во Вип арената пет дена комплексот на Спортскиот Центар беше нефункционален за сопствено работење.
Но укажа дека Владата на Република Македонија со заклучок донесен на Педесет и осмата седница на Владата на Република Македонија одржана на ден 13.03.2018 година ги задолжи Министерството за информатичко општество и администрација и Друштвото БОРИС ТРАЈКОВСКИ ДООЕЛ Скопје за склучување на договор за групна набавка, притоа Спортскиот Центар да биде даден на користење без надомест.

Претседателот Марковски Мишо постави прашање од каде произлегуваат најголемите трошоци во овој период.
Раководителот одговори од амортизацијата и од одржувањето на Дигиталниот самит на Западен Балкан 2018 во Вип арената.

Претседателот Марковски Мишо констатираше дека приходите од користење на Вип Кугланата се во пораст.
Раководителот Рената Стоилковска објасни дека Вип Кугланата е максимално искористена и дека најголемиот дел од приходот е од организирани родендени.

Претседателот Марковски Мишо укажа дека пред некоја следна седница на Надзорниот одбор, кога членовите ќе бидат во полн состав, истите треба да направат една прошетка и обиколка на комплексот на Спортскиот Центар.
Сите присутни ја поддржаа идејата.

Муедин Зибери постави прашање дали менаџментот на Друштвото има некоја идеја за надминување на состојбата на зголемување на трошоците.

Раководителот Рената Стоилковска укажа дека расходите кои произлегуваат од тековното работење ќе се намалат во 2019 година бидејќи завршена е санацијата и реконструкцијата на соблекувалните и санитарните јазли во комплексот на Спортскиот Центар, набавен е и монтиран спортскиот лед-екран семафор со озвучување во Вип Арената во Спортскиот Центар, заменети се постоечките табли од пресувана минерална волна со EPS (експондиран полистирен) во Пливачкиот базен и следната година нема да имаме потреба од вакви јавни набавки.

Претседателот на надзорниот одбор праша дали некој има да постави друго прашање .

Бидејќи никој не се јави за збор а врз основа на обврската дадена во член 249 ст.2 од Законот за трговските друштва Претседателот го стави на гласање доставениот предлог полугодишен финансиски извештај на работата на Друштвото (сметано од 01.01.2018

година до 30.06.2018 година) и предлог заклучокот за оценка на полугодишниот финансиски извештај на работата на Друштвото (сметано од 01.01.2018 година до 30.06.2018 година).

Именуваните членови на надзорниот одбор врз основа на разгледаните предочени ставки изготвени од стручните служби на Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменска сала БОРИС ТРАЈКОВСКИ ДООЕЛ Скопје едногласно одлучија да поднесат извештај за оценување на полугодишниот финансиски извештај на работата на Друштвото (сметано од 01.01.2018 година до 30.06.2018 година) и донесат заклучок со кој позитивно истиот го оценија и кои ќе ги достават до единствениот основач на Друштвото-Република Македонија претставувана од Влада на Република Македонија.
Бидејки никој не се јави за збор претседателот ја затвори расправата по втората точка од дневниот ред.

3.Претседателот ја стави на расправа третата точка на дневниот ред: Достава на заклучоци од седница на Влада на Република Македонија

Претседателот на надзорниот одбор и даде воведен збор на Роберта Теова која укажа дека доставените заклучоци од седници на Владата (Извадок од Нацрт – записникот од Осумдесет и првата седница на Владата на Република Македонија одржана на 24.07.2018 година, Бр.44-6001/1, Извадок од Нацрт – записникот од Осумдесет и првата седница на Владата на Република Македонија одржана на 24.07.2018 година, Бр.44-6000/1 и Достава со прилог Одлука за усвојување на Годишна сметка и Годишниот финансиски извештај донесена на 24.07.2018 година, Бр.44-6001/1) се врз основа на донесени претходни извештаи од Надзорниот одбор и согласно добиеното задолжение од претходната седница истите се доставуваат.

Претседателот на надзорниот одбор праша дали некој има да постави друго прашање .
Бидејки никој не се јави за збор претседателот ја затвори расправата по третата точка од дневниот ред.

3.Претседателот ја стави на расправа четвртата точка на дневниот ред: Достава на барање за пристап на информации од јавен карактер

Претседателот на надзорниот одбор и даде воведен збор на Роберта Теова која укажа дека од Институтот за демократија Социетес Цивилис преку Миша Поповиќ, постар истражувач до Друштвото е доставено барање за пристап до информации од јавен карактер за доставување биографија - Curriculum Vitae на управителот на Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменска сала БОРИС ТРАЈКОВСКИ ДООЕЛ Скопје Александар Петровски именуван од Влада на Република Македонија (Бр.49-8157/2 од 29.08.2018 година и заведено под наш арх. бр. 03-875/1 од 29.08.2018 година) и барање за пристап до информации од јавен карактер препратено од Влада на Република Македонија (заведено наш арх. бр. 03-885/1 од 31.08.2018 година).

Врз основа на истите потребно е сите членови да достават своја биографија - Curriculum Vitae како Друштвото би одговорило во законски рок на барањето.

Сите присутни потврдија дека ќе достават своја биографија.

Претседателот на надзорниот одбор праша дали некој има да постави друго прашање .
Бидејки никој не се јави за збор ја затвори расправата.

5.Претседателот на надзорниот одбор праша дали некој има да постави прашање .
Бидејки никој не се јави за збор претседателот ја затвори седницата .

Записничар
Теова Роберта

НАДЗОРЕН ОДБОР
Претседател
Г-дин Марковски Мишо